„О Ебу Хурејре, земи ги овие мои сандали и оди надвор од градината. Кого и да сретнеш, кој искрено сведочи со своето срце дека нема друг вистински бог освен Аллах – израдувај го со веста дека ќе влезе во Џенет.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Седевме околу Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем – а со нас беа и Ебу Бекр, Омер и уште неколкумина. Во еден момент Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, стана и замина, но долго не се враќаше. Се загрживме дека можеби му се случило нешто. Станавме вознемирени, јас се вознемирив прв и тргнав да го барам. Стигнав до една градина што му припаѓаше на племето Бену Неџар. Околу неа барав влез, но не најдов врата. Тогаш здогледав поток (реби‘) што влегуваше во градината од надворешна бунарска страна. Се протнав преку него, како што се провлекува лисица, и влегов кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Кога ме виде, рече: – „Ебу Хурејре?“ – „Да, о Аллахов пратенику.“ – „Што те донесе овде?“ – „Беше со нас, па стана и не се врати долго. Се исплашивме дека нешто ти се случило. Јас се вознемирив прв и дојдов до оваа градина, се протнав како лисица – а другите ги оставив зад мене.“ Потоа Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, ми ги даде своите сандали и рече: – „О Ебу Хурејре, земи ги овие мои сандали и оди надвор од градината. Кого и да сретнеш, кој искрено сведочи со своето срце дека нема друг вистински бог освен Аллах – израдувај го со веста дека ќе влезе во Џенет.“ Првиот што го сретнав беше Омер. Тој ме праша: – „Што се овие сандали, Ебу Хурејре?“ – „Ова се сандалите на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем,“ – реков. – „Ме испрати со нив да израдувам секого што ќе го сретнам и искрено сведочи дека нема друг вистински бог освен Аллах – со веста дека ќе влезе во Џенет.“ Омер ме удри со раката во градите така што паднав на грб, па рече: – „Врати се, Ебу Хурејре!“ Се вратив кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и заплакав. Веднаш по мене дојде и Омер. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, праша: – „Што се случи, Ебу Хурејре?“ – „Го сретнав Омер и му кажав што ме испрати да направам. Тој ме удри во градите така што паднав, и ми рече да се вратам.“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, го праша Омер: – „О Омер, зошто го направи тоа?“ – „О Божји пратенику, толку си ми драг што татко ми и мајка ми би ги жртвувал за тебе – навистина ли го испрати Ебу Хурејре со своите сандали за да израдува секого што искрено сведочи дека нема друг бог освен Аллах – со веста за Џенет?“ – „Да,“ – одговори Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем. Омер рече: – „Те молам, немој така! Се плашам дека луѓето ќе се потпрат само на тоа сведочење и ќе ги остават делата – затоа остави ги нека работат.“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: – „Остави ги нека

работат.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, седеше во друштво со некои од неговите асхаби, меѓу кои беа Ебу Бекр и Омер. Во еден момент стана и замина, но се задржа подолго време, па се исплашија да не му се случило нешто – можеби непријателот го заробил или му нанел некакво зло. Асхабите, Аллах нека е задоволен со сите нив, се вознемирија. Прв што се вознемири беше Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него. Тргна по трага на Божјиот пратеник сè додека не стигна до една градина што му припаѓаше на племето Бену Неџар. Одеше околу градината барајќи влезна врата, но не најде. Тогаш здогледа мала дупка во ѕидот од која течеше вода. Го провлече телото и се протна низ отворот – слично како што се провлекува лисицата – и така влезе внатре и го најде Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Кога го виде, Пратеникот му рече: – „Ти ли си Ебу Хурејре?“ Тој одговорил: „Да.“ Потоа го праша: – „Зошто дојде?“ Ебу Хурејре рече: – „Беше со нас, но потоа стана и не се врати подолго, па се исплашивме дека нешто ти се случило. Јас бев првиот што се вознемири, па дојдов до оваа градина и се протнав, како што се провлекува лисица – другите ги оставив зад мене.“ Тогаш Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, му ги даде своите сандали како знак и доказ дека ја зборува вистината, и рече: – „Земи ги овие сандали и излези од градината. Кого и да сретнеш зад овој ѕид – кој сведочи дека нема друг вистински бог освен Аллах, и дека само Тој заслужува да биде обожуван – и тоа сведочење произлегува од искреното убедување во срцето – израдувај го со веста дека е од жителите на Џенетот.“ Првиот што го сретна беше Омер. Омер го праша: – „Што се овие две сандали, Ебу Хурејре?“ Тој одговори: – „Ова се сандалите на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Ме испрати со нив да го израдувам секого што искрено сведочи дека нема друг бог освен Аллах – дека ќе влезе во Џенет.“ Тогаш Омер го удри со раката по градите, и тој падна на грб, а Омер рече: – „Врати се, Ебу Хурејре!“ Се врати кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, вознемирен, со видно променето лице, само што не заплакал. По него дојде и Омер. Пратеникот го праша: – „Што се случи, о Ебу Хурејре?“ Тој одговори: – „Го сретнав Омер и му кажав што ме испрати да направам, па ме удри така што паднав и ми рече да се вратам.“ Тогаш Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, му се обрати на Омер: – „О Омер, зошто го направи тоа?“ Омер одговори: – „О Божји пратенику, толку си ми драг што татко ми и мајка ми би ги жртвувал за тебе – навистина ли го испрати Ебу Хурејре со своите сандали да им ја пренесе радосната вест за Џенет на сите што ќе ги сретне и искрено сведочат дека нема друг бог освен Аллах?“ Тој одговорил: „Да.“ Омер рече: – „Те молам, немој така! Се плашам дека луѓето ќе се потпрат само на ова сведочење, а ќе ги запоставаат делата. Остави ги нека работат.“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: – „Остави ги нека работат.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/10094